Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 06.12.2020

На 05.12.2020 во 16.30 часот на Граничниот премин „Деве Баир", на влез во Република Северна Македонија, бил лишен од слобода Ј.С.(51) од Р.Турција, кој управувал товарно возило „мерцедес" со полуприколка, со турски национални ознаки, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" (зелена карта). Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка. Известен бил Јавен обвинител.

На 05.12.2020 во 08.55 часот било пријавено дека во Скопје, на кружен тек од бул.„Партизански одреди" со ул.„Македонски војски" и ул.„Борис Сарафов", патничко возило „citroen берлинго", со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Т.Ј.(31) од с.Волково, скопско, удрило во велосипед управуван од К.М.(74) од Скопје. Во незгодата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.12.2020 во 11.15 часот било пријавено дека на патот Прилеп-Битола, пред клучка „Лагово", патничко возило „фиат браво", со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.П.(52) од Прилеп, излетало од патот. На местото на незгодата починал возачот. Лекар од Итната медицинска помош констатирал смрт, а увид бил извршен од увидна екипа од Полициската станица Прилеп и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било предадено за обдукција.

На 05.12.2020 во 12.00 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосницата од бул.„Партизански одреди" со ул.„Љубљанска" и ул. „Московска", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „форд", со охридски регистарски ознаки, управувано од В.Т.(48) од Охрид и патничко возило „сеат", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Х.Б.(40) од Скопје. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил В.Т., а со телесни повреди сопатникот од истото возило С.Т., констатирани во Копмлекс клиники „Мајка Тереза", додека со телесни повреди се здобил С.Х.Б., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.12.2020 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, В.А.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Анкарска" бил каснат од куче скитник.

На 05.12.2020 во 08.30 часот на Граничниот премин Богородица, П.В.(34) од Црна Гора, возач на товарно возило, со црногорски национални ознаки, пријавил дека во приколката слушнал гласови. По извршени проверки биле откриени 12 илегални мигранти (шест од Сирија и шест од Авганистан, од кои едно дете). Мигрантите биле предадени за понатамошна постапка во Прифатниот транзитен центар-Гевгелија.

Поради постоење основи на сомнение за сторени десет кривични дела „тешка кражба", СВР Охрид поднесе кривична пријава против Т.Б.(50) од Штип. Тој, кривичните дела ги сторил во периодот од 30.05. до 27.11.2020 во седум цркви на подрачјето на општина Дебарца и три на подрачјето на Охрид, во кои влегувал користејќи подесен алат и физичка сила и одземал пари.
На 05.12.2020 во 20.15 часот било пријавено дека во Берово бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу М.К.(19) и Б.Ч.(32), двајцата од Берово. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Е.В.(42) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Во текот на мај 2018, пријавениот неовластено набавил марихуана, ја препакувал и дел му продал на В.Ј.. При преглед над В.Ј., полициски службеници ја пронашле и одзеле марихуаната.

На 06.12.2020 во Полициска станица Аеродром е приведен Б.А. (34) од Скопје , бидејќи околу 03.00 часот на ул.„Никола Карев", кај Транспортен центар во Скопје, физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејства. По документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

На 05.12.2020 во 07.40 часот Г.Н.(27) од Скопје пријавидека на наплатна рампа Сопот, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице кое управувало товарно возило „даф". Се работи на расчистување на случајот.
На 05.12.2020 во 13.15 часот било пријавено дека во Скопје, на ул.„Благоја Стефковски", патничко возило „киа", со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.А.(38) од с.Табановце, кумановско, удрило во малолетен пешак од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.12.2020 во 05.48 часот И.Д.(28) од Скопје, пријавил дека околу 01.30 часот во близина на трговски центар на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.
На 05.12.2020 во 19.50 часот С.С.Ѓ. пријавила дека во угостителски објект во Виница, по претходна вербална расправија, била физички нападната од З.Д. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Л.(29) од Тетово и Ф.Е.(21) од с.Глоѓи, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.09.2019 во с.Жеровјане, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане извршиле преглед над пријавените, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 05.12.2020 во ОВР Кичево било пријавено дека околу 19.20 часот во Кичево на ул.„4 Јули", две лица со закана од О.Ј. (32) одзеле чанта со пари. Извршен е увид и се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите.
На 04/05.12.2020 непознат сторител со употреба на сила влегол во црквата „Пресвета Богородица" во Тетово и одзел пари. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Г.М.(32) с.Теранци, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 24.11.2020, полициски службеници констатирале дека пријавената не се придржува до решението на Државниот здравствен и санитарен инспекторат за задолжителна изолација.

На 05.12.2020 во СВР Скопје е пријавено дека во 20.20 часот во Скопје, во маркет на ул.„Архиепископ Доситеј", едно лице со закана од вработените одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.12.2020 во 11.20 часот било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар-Кичево, на потегот помеѓу Здуњска крстосница и наплатна рампа Гостивар, товарно возило -миксер, со гостиварски регистарски ознаки,управувано од Б.С.(52) од Гостивар удрило во пешакот А.М.(31) од с.Долна Бањица, гостиварско. Пешакот починал на место на незгодата. Лекар констатирал смрт, а во тек е увид од Јавен обвинител и увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 05.12.2020 околу 10.20 часот во Полициска станица Бит Пазар, Р.Ф. (57) од Скопје пријавил дека во периодот од 23.20 часот на 04.12. до 10.00 часот на 05.12.2020, на подрачјето на Бит Пазар, од залутано зрно било оштетено моторно возило „ауди". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет